Република Северна Македонија
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
ДЕТСКА ГРАДИНКА "ПЛАНИНСКИ ЦВЕТ"
Бр. 04-181/2
07.07.2021 год.
ВЕВЧАНИ

Врз основа на чл. 5 , чл. 6 и чл. 21 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Р.М. бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/19 и 14/20), чл. 143 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Р.М. бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 104/19, 146/2019, 275/19 и 311/20), чл. 40 став 2 Алинеа 10 од Статутот на ЈОУДДГ „Планински Цвет,,-Вевчани, чл. 7 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предшколска возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата (Службен весник на РСМ бр. 133/19), Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДДГ „Планински Цвет,,-Вевчани и Согласноста бр.18-5033/2 од 22.06.2021 год. Доставена од Министерството за финансии до МТСП, Директорот на ЈОУДДГ „Планински Цвет"-Вевчани, објавува:

ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.1/2021

за **пополнување на работно место со унапредување** на давател на услуги во ЈОУДДГ „Планински Цвет,,-Вевчани

Се објавува интерен оглас за **унапредување** на 1 (еден) давател на услуги со пополнување на следново работно место:

- **1. Еден (1) извршител на работно место – Воспитувач на деца од 2-6 годишна возраст – звање Ментор - ДЕЗ 03 03 В02 001 - 2. Воспитно - згрижувачка служба II.2.1 Оддел на воспитувачи.**

На интерниот оглас може да се јави давател на услуга, вработен во ЈОУДДГ „Планински Цвет,,-Вевчани, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Законот за заштита на децата и во актот за систематизација на работните места во ЈОУДДГ „Планински Цвет,,-Вевчани.

**Посебни услови** за работното место за ниво В2 утврдени со актот на систематизацијата:

-завршено ВСС, дипломиран професот по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспиание и дипломиран педагог –со завршено високо образование VII/1 степен или со стекнати 240 кредити според ЕКТС.

- важечка лиценца за воспитувач
- три години работно искуство во струката

**Општи услови** за пополнување на работно место **за давателите на услуги утврдени во Законот за детската заштита се:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е физички и психички здрав;
- да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо;
- да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкација и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување и да исполнува и други услови утврдени во актот за внатрешна организација и систематизација на работните места,.

Исто така давателот на јавна услуга- воспитувач треба да ги исполнува и следните услови:

- Да е оценет со оценка,,4" или ,,5" при последното оценување
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите кон **пријавата** покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази

- потвдри за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Работното време на работникот изнесува 40 часа неделно од 06:30/08:30 часот до 14:30/16:30 часот од понеделник до петок.

Платата за работното место - Воспитувач на деца од 2-6 годишна возраст – звање Ментор е во паричен нето износ од **25.432,00** денари

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавување на интерниот оглас.

Интерниот оглас се објавува на огласната табла на ЈОУДДГ ,,Планински Цвет" –Вевчани и веб страницата на Општина Вевчани, бидејќи установата нема своја сопствена веб страница.

Заинтересиранте кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата во затворен коверт со напомена "Да не се отвора" на следнава адреса: ЈОУДДГ "ПЛАНИНСКИ ЦВЕТ" – Вевчани - 6335 Вевчани- Архива на Установата - (со назнака "за интерен оглас")

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот. Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на директорот на ЈОУДДГ ,,Планински Цвет" –Вевчани .

Административната селекцијата за унапредување се спроведува најдоцна 15 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на кандидатите. За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција завршува. За останатите кандидати во рок од пет работни дена по завршувањето на административната селекција комисијата спроведува интервју. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Одлука за избор директорот ќе донесе во рок од три дена по добивањето на ранг листа и предлог од комисијата за селекција за унапредување.

ЈОУДДГ ,,ПЛАНИНСКИ ЦВЕТ“

07.07.2021 година, Вевчани

ДИРЕКТОР
Виолете Баткоска